# студентско ехо

Број 10, декември 2014
БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ



**Еден од тројца млади секојдневно се среќаваат со говор на омраза**

**Сара Мејс: „Навистина немам супер моќи, но ете после песната се истурија дождови“**

**Најдобрите студенти на медицина учеа од најдобрите лекари во Нирнберг**

**Винтур е најдобриот моден диктатор кој владее со империјата**

**Ебру и Берк: „Повеќе зборуваме македонски отколку турски, дури и кога сме меѓу останатите турски студенти“**

**Боксерите се оддолжија на Јордан Мијалков**

СПУГД
www.ugd.edu.mk
Правен факултет
Студиска програма по Новинарство и односи со јавноста

СПУГД

www.spugd.org.mk







Уводник

Почитувани читатели и студенти, пред вас е десеттото издание на студентското списание „Студентско ехо". Четврта година заеднички го артикулираме гласот и одекот на студентите на универзитетот „Гоце Делчев" и го негуваме пишаниот медиум. И оваа година овој проект на студентите по Новинарство и односи со јавност од Правниот факултет е поддржано од Студентскиот парламент и Центарот за односи со јавност на Универзитетот.
Студентското списание им нуди пракса на студентите по новинарство од областа на печатените медиуми, можност за професионално надоградување и простор за креативно изразување. Воедно списанието претставува информативен, едукативен и забавен медиум за останатите студенти и млади луѓе. Освен тоа, „Студентско ехо" е отворено и за останатите студенти кои сакаат да волонтираат во редакцијата со своите текстови.
Нека студентското ехо одекнува надалеку и нека се шири постојано. Ви посакуваме пријатни читателкси моменти.

Ненад Мицов

Импресум:

„Студентско ехо"
Катедра по новинарство и односи со јавноста
Правен факултет - Универзитет „Гоце Делчев"
Првиот број на списанието излезе на 1 декември 2011 година

Ненад Мицов
Главен и одговорен уредник

Уредувачки одбор:
доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска
доц.д-р Андон Мајхошев
Славе Димитров
м-р Игор Стојанов

Заменик на главен и одговорен уредник:
Иван Дуковски

Помошник на главен и одговорен уредник:
Марија Лазовска

Графички уредник:
Александар Максимов

Фотографија:
Благој Китановски

ЕХО излегува трипати на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот.

Целокупниот тираж е бесплатен за сите читатели.

Вашите забелешки и сугестии испраќакте ги на studentskoeho@gmail.com

www.facebook.com/studentskoeho
www.facebook.com/ugdstip

**Содржина:**

**4. Еден од тројца млади секојдневно се среќаваат со говор на омраза**
**6. Велосипедизмот како начин на живот**
**7. Одлична можност да ја започнете потрагата по вашата кариера**
**8. Најдобрите студенти на медицина учеа од најдобрите лекари во Нирнберг**
**10. Студентските протести како конструктивна критика**
**11. Трпение – спасение и коцките сами ќе се наредат**
**12. „Повеќе зборуваме македонски отколку турски, дури и кога сме меѓу останатите турски студенти"**
**13. „Образованието е најмоќното оружје за да го промениме светот"**
**14. Сара Мејс: „Навистина немам супер моќи, но ете после песната се истурија дождови"**
**15. Преродба во поезијата**
**16. Не е едноставно да се раскаже битот на македонскиот народ**
**17. Божидар Барлакоски: „За да бидете добар фотограф, прво треба да излезете од дома"**
**18. Винтур е најдобриот моден диктатор кој владее со империјата**
**19. Популарни бои, фризури и обувки за оваа есен**
**20. Кањон Матка – светско чудо на природата**
**21. Дали пламенот ќе ни ги избрише спомените од најскриеното светилиште?**
**22. Брана Градче - Природата не штедела, а човекот умешно ја скротил**
**23. Со медитација до подобар живот**
**24. Од Штип па сѐ до Ибица**
**25. Кој ќе ги земе наградите на Академијата?**
**26. Фејсбук, твитер, инстаграм, рекреација или зависност ?**
**26. Интернетот го промени детството**
**27. Ова е само наше Скопје, тука ни е сѐ, ама...**
**28. ПР - предизвик за инвентивност и иновативност**
**29. Боксерите се оддолжија на Јордан Мијалков**
**30. Индира Кастратовиќ: „Имаме потенцијал за големи успеси!"**
**30. РК Металурк - конечно победа во ЕХФ лигата**

Александар Стефановски

# Еден од тројца млади секојдневно се среќаваат со говор на омраза



## Зборувај без Омраза !

Говорот на омраза по дефиниција е секој термин кој означува говор чија намера е да деградира, вознемири или предизвика насилство и активности врз основа на предрасуди против лица или групи луѓе врз основа на нивната раса, род, возраст, етничка припадност, националност, религија, сексуална ориентација, родов идентитет, хендикеп, јазична способност, морални или политички ставови, социоекономска класа, занимање или изглед (како висина, тежина и боја на коса), ментален капацитет и било која друга особина. Терминот се однесува и на пишана и на усна комуникација, како и некои форми на однесување на јавно место.




Секојдневно во нашето опкружување без разлика дали е улица, училиште, факултет, интернет и социјални медиуми се среќаваме со одреден вид говор на омраза, но колку сме свесни на тоа, дали умееме да ја препознаеме оваа негативна општествена појава и дали умееме вистински да се справиме со овој вид на говор. Говорот на омраза со други зборови истотака се нарекува и ,,вербално насилство“.

Најчесто поттик на некој да започне со говор на омраза е различното сфаќање на она што е нормално или она што не е нормално. Говорот на омраза оди по принцип на толпата, односно кога еден ќе почне да користи некој од чиновите кои спаѓаат под говор на омраза, другите го прифаќаат тоа бидејќи самиот говор на омраза поттикнува нов говор на омраза. Со овој вид говор, комуникацијата помеѓу соговорниците може да се опише како пресметка со зборови. Говорот на омраза во најдемократските општества е забранет бидејќи се смета дека како главна причина за физичкото насилство. Во мултикултирните општества како што е Македонија, говорот на омраза е лесно препознатлив, но сепак направивме мала анкета со околу стоттина млади анонимни испитаници за тоа каде и во каков вид го среќаваат говорот на омраза и како може да се спречи овој вид на омраза.

Анкетата според социо-демографските податоци ја пополниле околу 66% машки и 34% женски лица, од кои 40% се на возраст до 19 до 24 години, 31% се на возраст од 14 до 18 години и 29% се постари од 25години. Повеќе од половина испитаници се со средно образование односно 56%, додека пак 15% се со вишо и 29% се со високо образование. Според етничката припадност од испитаниците најмногу застапени се Македонците со 81%, по нив следат Србите со 5%, Албанците со 3%, Турците со 2% и 9% од анкетираните се изјасниле според друга етничка припадност.

На прашањето ,, Колку е застапен говорот на омраза во нашата средина и помеѓу младите“ анкетираните испитаници одговориле со 38% дека е доволно застапен, 30 проценти многу застапен, по 16% одговориле дека е малку застапен и дека воопшто не е застапен. На следното прашање ,,Дали говорот на омраза се зголемува, намалува или останува ист? „ 75% се изјасниле дека се зголемува, 18% дека останува ист и 7% дека се намалува. На прашањето ,, Каде највеќе го среќаваат говорот на омразата?“ 58% се изјаснија дека овој вид на омраза го среќаваат на Интернет и социјалните мрежи, со 16% е застапен на медиумите, 14% на училиште или факултет, 9% на улица и 3% на работното место. Од прашањето ,,Дали знаат каде и како да се обратат за да пријават говор на омраза“ 79% од испитаниците одговиле со ,,НЕ“ и 21% со ,,ДА“.

Анализата на овие анонимни одговори покажа дека постои многу ниско знаење за говорот омраза меѓу младите и пред се тоа се должи на неинформираноста, незаинтерисираност, не знаењето што е всушност говорот на омраза и какви последици предизвикува, но исто така и од погоре наведените прилини како што се родителите, власта, религијата, лошата економска состојба што беа дополнително наведени од страна на испитаниците. Сите овие понудени одговори се на некој директен или индиректен начин поврзани меѓусебе што уште еднаш покажува за постоењето на ова злонамерна појава и нејзината тенденција да расте и да се шири онаму кај што се појавува.

На анекета, од испитаниците беше побарано да се даде свое лично мислење за тоа како и на кој начин да се справиме и да го намалиме говорот на омраза меѓу младите. Мислењата меѓусебе беа делумно слични што ми овозможи да се дојде до еден генерален заклучок:

„Треба да се почне со детето, бидејќи детето се раѓа табула раса и прераснува во она што родителите, семејството, општеството и опкружувањето ќе му го понудат додека расте и се развива. Најпрво да започнеме од семејството и родителите како примарен фактор на детето и неговото внесување во општествената сфера и воедно најбитен фактор за тоа во каква личност детето ќе израсне. Семејството треба да ја насочи единката кон добросостојба, еднаквост, чесност и праведност и притоа да има безрезервна поддршка. Потоа следува училиштето, професорите, врсниците исто така битен фактор во развојот на детето. Професорите и сите другите вработени во образовните институции треба да се стремат да му го покажат на детето правилниот пат и да бидат еден вид модел кон кој детето ќе се стреми, без предрасуди и стереотипи. Образовниот систем исто така треба да понуди соодветни учебници и материјали за правилно насочување кон она што е добро, а што лошо. Медиумите како главните носители на јавното мнение да се здружат сите заедно во борбата против говорот на омраза и ширењето на истата. Да се организираат дебати, трибини, работилни од различни видови луѓе со цел да се подобри свеста против ширењето на говорот на омраза. Како за крај да се пропишат соодветни правни акти и правила со кои би се намалило ваквото оштење помеѓу луѓето и би се имало повеќе правни решенија на страна на повредените за одбрана од говорот на омраза.“



Марија Лазовска

# Велосипедизмот како начин на живот!



„Кога возам од Скопје кон Велес по стариот пат се чувствувам исто како кога одам кај баба ми на ручек“



Живееме во време кога сивилото на урбаното живеење е дел од нашето секојдневие, но сепак постојат начини за тоа урбано живење да се подобри. Велосипедизмот е таа шанса која им подава рака на сите оние кои сакаат да го сочуваат сопственото здравје, но и да ја сочуваат средината во која живеат тие и иднина во која ќе живеат нивните поколенија. Веруваме дека велосипедизмот е одличен алтернативен начин на транспорт во урбаните средини. Затоа ние решивме да ѐе „качиме“ #НаТочак со Ваљон Керими, 34 годишен скопјанец кој е член на еден од најдобро организираните велосипедски клубови во земјава „Енерџи“.

Ваљон ни објасни дека со велосипедот се најдобри другари веќе неколку години и тоа е пријателство кое долго ќе трае. За себе вели дека е вљубен во велосипедот и како превозно средство го користи секогаш кога може. Како долгогодишен член на „Енерџи“ учевствувал во многу натпревари, маратони и горд е на успесите што ги имаат постигнато заедно со неговите колеги велосипедисти. Тој вели дека најдобро се чувствува кога вози за своја душа и кога времето е на негова страна, па често прави тури низ земјава. Тргнува од Скопје патува преку градот на мостовите Велес, па продолжува до Неготино и по кратка пауза заминува за Гевгелија, а кога тој пат ќе заврши се упатува кон запад. Но тука не завршува приказната, вистински предизвик се планините, селата, за кои многумина не знаат ни дека постојат. За време на викендот кога не може да се отиде некаде подалеку Скопска Црна Гора, Водно се одлични за да ги задоволат апетитите на велосипедистите. Кога возам од Скопје кон Велес по стариот пат се чувствувам исто како кога одам кај баба ми на ручек, вели Керими. За него убавината на нашата земја е предизвик за сите велосипедисти и преубаво е чувството кога ја истражувате земјава со вашите пријатели дишејќи чист воздух и возејќи се на две тркала.

На сите читатели на Студентско Ехо им препорачува да ги поправат своите велосипеди кои собираат прашина во подрумските простории и да ги користат што е можно повеќе, да се ослободат од стегите на дигитализацијата и урбаното живеење кое ги гуши сите и да ја запознаат убавината на нашата земја патувајќи со своите велосипеди.




Стефанија Мијалкова



# Одлична можност да ја започнете потрагата по вашата кариера



Инфо клубот како проект на УНДП, Министерството за труд и социјална политика, Коалиција СЕГА, а на некој начин и партнер на Агенцијата за вработување, го имаше своето свечено отварање во мај, а активно функционира од септември оваа година. Имено, во нашата земја работат моментално четири Инфо клубови во Скопје,Тетово, нашиот во Штип и пред два месеца се отвори и Инфо клубот во Битола. Инфо клубовите имаат јасна и определена цел – вистинската информација да дојде до вистинските студенти. Имено, сите млади лица до 29 години имаат можност да се информираат за програмите за самовработување, за слободните работни позиции кои ги нуди приватниот сектор во општина Штип, информации за практиканство, обука, семинари и стипендии кои што се нудат од страна на меѓународни универзитети.

Од досегашната работа на Инфо клуб во Штип е увидена заинтересираноста на дипломирани студенти кои бараат работа и моментални студенти кои бараат можност да го надоградат своето знаење преку семинари и обуки. Дополнителна предност од постоењето на овој Инфо клуб е и за оние студенти кои се во својата последна година од студиите и се интересираат за продолжување на своите магистерски студии на некои од универзитетите во Европа. Неговото функционирање всушност овозможува сите потребни релевантни информации за слободни работни места, практиканство, волонтирање, стипендии и обуки навремено да им бидат пренесени на заинтересираните млади лица и студенти. За да не размислуваат студентите повеќе за тоа, “а што потоа” , откако ќе го завршат факултетот, сега постои Инфо клубот кој е одлична можност за да започне потрагата по кариера.

Инфо клубот е сместен во просториите на Кампус 2 и секој заинтересиран млад човек може да дојде и да се информира за она што има потреба секој работен ден од 10 до 15 часот, а исто така за сите нови информаци може да се информирате и преку Фејсбук фан страниците: ИнфоКлуб-Штип и ИнфоКлубови и секако активен е твитер профилот @InfoKlubovi. Инфо клубот како студентско катче активно соработува со Агенцијата за вработување, Советот на млади од опшштина Штип, Младински клуб и Универзитетот „Гоце Делчев“. Покрај тоа што асистентите можете лично да ги посетите, тие изготвуваат и мејлинг-листа на која веќе има над 400 студенти, каде што секоја среда и четврток испраќаат активни огласи за обуки, семинари, стипендии и за слободните работни места во Штип. Исто така, значителна активност на Инфо клубот се средбите и соработките со успешни и влијателни компании во Штип кои преку Инфо клубот остваруваат можност за вработување на млади напредни генерации.

„Студентите се интересираат најмногу за можностите за вработување, но и за најразлични други информации. Дипломираните студенти и младите невработени лица до 29 години претежно се интересираат за понудата и побарувачката на работна сила во државава, како и за мерките за вработување на Владата. Тековните студенти на Универзитет „Гоце Делчев“ се интересираат за стипендии и обуки што се организираат во земјава, но и во странство“ - истакнуваат асистентите од Инфо клубот во Штип.









# Најдобрите студенти на медицина учеа од најдобрите лекари во Нирнберг

Неколку студенти од петта година на Факултетот за медицински науки при УГД ова лето заминаа на 15 дневен стручен студентски престој во еден од високо реномираните клинички центри во Германија, Klinikum Nürnberg (Nord & Süd). Оваа размена се должи на биинституционалната соработка помеѓу менаџментот на Клиничкиот центар во Нирнберг и Факултетот за медицисnки науки од Штип. Оваа неповторлива можност ја добија пет студенти од Штип со највисок просек од генерацијата. Искуствата од размената и работата во клиниките во Нирнберг, ги пренесуваме во ова издание на „Студентско ехо", а разговаравме со Страхил Тодоров, Александра Тодорова, Симона Минова, Дејан Соколовски и Сурејa Малик.









**На што се должи соработката токму со оваа клиника во Германија?**
Соработката се должи на фактот што проф. д-р Гунтер Никлевски и проф. д-р Кнегиња Соколовска - Рихтер, вработени на Клиниката за психијатрија при Клиничкиот центар во Нирнберг, се избрани за визитинг професори на ФМН, каде што ги предаваат предметите од областа на Психијатријата на сите студиски програми. Токму тие ги препознаа квалитетите на студентите на ФМН и како резултат на нивното залагање, се должи овој наш престој ова лето.

**Како дојде до тоа токму вие петмина да заминете на пракса?**
Изборот беше направен според критериумите според кои се прават сите размени и студентски престои во странство - висината на просекот во текот на досегашните студии. Врз основа на ова, што е многу субјективно, но е единствен нумерички критериум, ние петмина станавме дел од овој престој. Се разбира, токму овој начин на избор беше побаран и од менаџментот на Клиничкиот центар во Нирнберг, претставуван од страна на Проф. д-р Гунтер Никлевски.

**Да ги запознаеме нашите читатели со работата на клиниката во Нирнберг?**
Клиничкиот центар во Нирнберг е една од најголемите општински болници во Европа, кој нуди првокласна, дијагностичка и терапевтска медицина. Во својот состав содржи 35 специјалности, во облик на клиники, институти и центри, 2180 легла и над 10.000 пациенти годишно. Така на пример, Клиниката за кардиологија ги има сите субспецијалности кои до сега ги познава модерната кардиологија.

**Кои се разликите во системот на кој функционираат европски и нашите клиники?**
Пред сè, станува збор за економски силни држави, кои имаат одлична здравствена стратегија, која не ја менуваат со секоја промена на владеачката гарнитура, туку само ја надоградуваат и модифицираат според потребите на населението, како и според финансиите во нивните здравствени фондови. Многу се вложува во наука и иновации, нови технологии и методи на дијагностика и лекување. Ние имаме премногу квалитетни кадри, но немаме систем кој што би ги задржал во Македонија и би им дал шанса за напредок во потесна и поширока смисла.

**Препорака за идните студенти кои ја сакаат медицина како наука и сакат да се посветат на нејзините предизвици?**
Медицината е наука која бара посветеност, многу откажувања и многу учење. Работата со пациенти е исто толку тешка колку што е и хумана. За да бидеш добар лекар мораш да веруваш во себе и своите квалитети, не прецунувајќи ги своите способности и вештини. Во оваа работа нема простор за грешки и експериментирања. Станува збор за нечиј живот, а тој/таа некој/а е нечиј родител, брат, сестра, сопруг/а итн. Оној кој се одлучил да студира медицина е ставен пред еден голем предизвик, чиј краен исход ќе го обогати и духовно и материјално.



**Страхил Тодоров**
Првата недела бев на одделот за постинтервентна нега, каде што најчесто беа хоспитализирани пациенти со срцеви аритмии пред и после аблација или вградување на кардиовертер дефибрилатор, како и пациенти со хронична срцева слабост, перимиокардитиси и веќе прележани миокардни инфаркти. Втората недела престојував на одделот за сонографија, каде што изведував ехокардиографски прегледи на пациенти, со мерење на параметрите за морфологијата и функцијата на срцето во целина.



**Александра Тодорова**
Благодарение на успехот во досегашните мои студии бев избрана во петте најдобри студенти за пракса во реномираната клиниката во Нирнберг. Поради можноста, а и мојата огромна желба бев избрана да бидам практикант на Клиниката за гинекологија. Уште од првиот ден, кога влегував во самата болница, по ходниците, по амбулантите, а уште повеќе и во операционите сали се чувствуваше професионалниот дух, кој кај мене како студент предизвикуваше морници од возбуда, а и истовремено и огромно задоволство што токму јас сум дел од сето тоа. Неколку часови од денот поминував во амбуланта, каде што морам да нагласам, тоа претставува огромно искуство, присуствував на околу 100 прегледи кои ми помогнаа многу повеќе да навлезам во најразличните патологии од областа на гинекологијата. Присуствував на секојдневните состаноци кои ги имаа и на кои се дискутираше за состојбата на пациентите. Неколку дена бев и во Центарот за дојка каде присуствував на прегледи и мали интервенции.



**Дејан Соколовски**
За мене оваа практична настава како студент од УГД претставуваше голема можност моите стекнати знаења од областа на медицината да ги применам во секојдневната лекарска практика во полето на неврохирургијата, односно функционалната и стеротаксичната неврохирургија, навигационите процедури во неврохирургија како и да земам учество во различниот спектар на дијагностички постапки кои се применуваат во оваа област на медицинските науки.



**Сурејa Малик**
Бидејќи мое поле на интерес е кардиохирургијата имав среќа да ја одржам мојата пракса токму на овој оддел каде навистина може да се научи и е привилегија да се биде во сала и да се работи со таков високо професионален тим. Бев прифатен одлично од нивна страна како од нивниот шеф, така и од останатиот персонал, а особено од колега од Македонија, Д-р Кралев, кој несебично ми помагаше во текот на целиот мој престој на клиниката. Во текот на праксата бев инволвиран во секоја активност каде што можев да учествувам. Сето ова беше многу важен период во мојата медицинска едукација, период во кој се сретнав со многу примери кои ќе ми послужат понатаму во работата и ќе ми помогнат во решавање на голем број на професионални проблеми.



**Симона Минова**
Јас бев на одделот за општа хирургија. Ова одделение се занимава со абдоминална хирургија, онколошка хирургија и ендокринолошка хирургија. Праксата започнуваше од 7 часот наутро со посета на пациентите што траеше еден час, потоа присуствував на состанокот на хирурзите на кој се дискутираше за интервенциите кои ќе се извршат наредниот ден. Имав можност да шијам, да поставам и извадам дрен, да направам лигатура на крвен сад. Исто така, во придружба на еден помлад лекар имав можност да земам анамнеза, да учам да користам ултразвук и да ги толкувам добиените резултат, но не само од ехо туку и другите методи како компјутерска томографија и магнетна резонанца. За мене ова претставуваше едно незаменливо искуство, каде освен што имав можност да присуствувам и асистирам на голем број операции, имав можност да учам од врвни лекари од доменот на општата хирургија, да го подобрам мојот германски, а исто така се здобив со голем број на пријатели.

Бојана Трајчева

# Студентските протести како конструктивна критика



## Да развиеме академски дијалог за решавање на проблемите

17 ноември, во меѓународни рамки познат како меѓународен ден на студентите и оваа година на глобално ниво беше одбележан со студентски обединувања и протести. Мобилизацијата на студентите во околу 40 земји во светот, укажа на постоењето на критична маса низ студентите кои испратија артикулирани пораки, како до властите како таргетирана група, така и до пошироката општествена јавност. Ваквите колективни иницијативи ги издигаат студентите на едно повисоко ниво на афирмирање, со детерминираност и истрајност во дејствувањето.

Студентски марш оваа година се организираше и во македонската престолнина. Со мирен протест, околу 2000 студенти се собраа да обелат образ, бележејќи го движењето со интелект и самостојност. Тоа докажа дека во околина на постојан политички притисок, студентите сепак се раководат според сопствениот инстинкт и критичка мисла. Главната причина поради ваквата студентска револтираност беше најавеното екстерно тестирање во високото образование. Со банери и транспаренти, со револт и истрајност, студентите колективно изјаснија отпор на новата владина мерка која би станала уште еден контролен орган при одржувањето на наставата во високото образование. Со маршот, студентите укажаа и на постоењето на поголеми проблеми со кои се соочуваат студентите, како потреба од поквалитетна литература за учење, парно греење, непостоење на можности за вработување на младите после дипломирање итн. Како организационо тело на скопскиот студенстки марш стоеше Студенсткиот пленум, чијашто крајна дестинација беше Министерството за образование и наука.

Студентскиот протест предизвика многу дебати и аналитички излагања за најавеното екстерно тестирање. Една од централните теми на дебатите беше „Зошто професорите молчат за екстерното тестирање?". И покрај ваквиот пасивен пристап на поголем дел од професорскиот кадар, студентите со јасна порака се изјаснија дека нема да стагнираат со дејствување доколку не се повлече оваа владина мерка. Во соопштението на Студентски пленум во однос на случувањата стои: „Примената на мерката се одложи до 2017 година и со тоа се амнестираа 4 генерации студенти, што е свесен обид да се демотивира оваа критична маса. Меѓутоа, како студенти – партнери во високото образование, а не корисници, ние не сме амнестирани од одговорноста за тоа какво образование ќе им оставиме во аманет на генерациите што доаѓаат".

Една седмица подоцна, на 24 ноември, и штипските студенти со протест низ градот искажаа незадоволство за предложените реформи. Иако во значително помал број, 200 студенти со неодобрување и револт за екстерното тестирање маршираа низ штипските улици, каде крајно одредиште им беше Ректоратот на Универзитетот „Гоце Делчев". Иако немаше зад себе институционално тело, ваквата колективна иницијатива наиде на одзив, со што, десетина студенти беа примени кај Ректорот на разговор.

Студентските протести беа само превентивна акција, но надалеку ги соопштија своите базични цели. Ова не треба да биде филтер за квалитетот и капацитетот на студентите. Дијалог е потребно повеќе од кога и да е, каде интересите и статусот на студентите ќе стојат во преден план, заедно со принципот на автономија на универзитетите. Студентските протести нека не бидат гледани со негативен призвук. Напротив, релевантните институции во ваквите протести треба да видат конструктивна критика. Фидбекот од ваквото студентско обединување ќе покаже дали општеството ни е зрело за создавање на критична маса која ќе дејствува како иницијална сила и коректор за промени.













Емилија Стефановска



# Трпение – спасение и коцките сами ќе се наредат

Како вчера да беше. Ми светна идејата за летна работа во Америка. Да си ја пробам среќата. После сите процедури, стигнав и до Амбасадата. Возбуда, радост, среќа - сè на едно место, кога конечно слушнав "Your visa has been approved". Бидејќи кратко беше времето до тргнувањето, започнав со подготовките. Како ќе биде, што треба да земам, што треба да знам и ред други прашања кои ме измачуваа. Позитивна, полна со доверба, но не и многу очекувања, тргнав. Да скратам од срцепарателните моменти на поздравување исполнети со убави желби, бодрење и по некоја солза. Тоа беше чувство на среќа, испреплетено со мала тага во душата и страв. Среќата, заради патувањето во земјата од соништата; тагата и стравот заради големата промена.

Чекањето убиваше. Пат на долга релација, уште подолго времето кое бавно поминуваше. После исцрпни 28 часа, стапнав на американско тло. Оставена сама на себе, возбудена, изгубена. За среќа лесно успеав да стигнам до местото на работа. Атлантик Сити, познат како вториот Вегас, беше мојот нов дом во наредните 4 месеци. Се заљубив на прв поглед. Сè беше совршено, се сместив и не знаев што прво да направам. „Трпение-спасение" што рекле старите. Коцките сами почнаа да се редат. Почетокот - солзи и смеа, потоа само смеа. Работата ме исполнуваше и ми беше доста интересно. После малку време, започнав и со втора работа. Напорно и мачно, божем не можеш да опстанеш со една работа. Се потиш, црнчиш, но не за корка сув леб, туку за нешта кои многу потешко можеш да си ги дозволиш назад во Македонија. Тешко, но исплатливо за вложениот труд. Забораваш на сè во моментите на шетање, забава, дружба до раните утрински часови. Како на филм. "Овде е животот", си мислиш. Empire State Building, Statue of Liberty, Brooklyn, White House, Niagara Falls и уште многу други атрактивни места, сега се на чекор од тебе. Но, не беше секогаш мед и млеко. Случајно видов на ТВ екраните вонредни вести. Ураганот доѓа. За жал и во околината каде што бев. Евакуацијата започна. „Не дојдов овде за да не се вратам жива и здрава" си помислив. Заминавме во Филаделфија, Пенсилванија - уште едно ново, доста интересно место. Помина и тоа, за среќа, безопасно. Ситно да броев до крајот. Мала беше желбата за враќање дома, но сепак постоеше. Тргнав со солзи во очите. Дали ќе се вратам пак? Дали повторно ќе ги доживеам тие незаборавни моменти со прекрасните луѓе? Останува да видиме.









Ненад Мицов

# „Повеќе зборуваме македонски отколку турски, дури и кога сме меѓу останатите турски студенти“



Универзитетот „Гоце Делчев“ веќе сигурно е еден од водечките универзитети во Македонија. Доказ за тоа се последните рангирања на светските листи, квалитетните студиски програми, современите студии и големиот број на запишани студенти. 19.000 млади идни академски граѓани го направија својот избор и ја препознаа својата иднина токму на универзитетот во Штип. Затоа, не треба да изненадува фактот дека освен за студентите од цела Македонија, „Гоце Делчев“ е сè попримамлив и за интернационалните студенти. Околу 500 студенти од речиси целиот свет одлучија својата академска надоградба да ја доверат токму на нашиот Универзитет и да поминат дел од својата младост во Штип. Меѓу нив најбројни се студентите од Турција, кои градот под Исарот го избраа за свој втор дом. Ебру Ертеќин од Едрене и Берк Бурак Караѓуле од Истанбул се само дел од големиот број турски студенти кои речиси три години се школуваат и живеат во Штип. Со нив во ова издание на „Студентско ехо“ разговаравме за тоа како дошле до идејата да студираат во Македонија, како се снаоѓаат во Штип, што им недостига родната Турција и Македонија и кои се нивните планови за иднина.

Ебру и Берк студиите ги започнуваат во соседна Бугарија, во Софија и Пловдив. Но, кога разбрале за можностите на универзитетот во Штип, поволностите за студирање во Македонија веднаш размислиле за префрлање и доаѓање во Македонија. Желбата за студирање во странство, за истражување на нови култури и напредок е она што дефинитивно ќе ги донесе на „Гоце Делчев“. Ебру запишува студии по стоматологија, додека Берк ги продолжува студиите по фармација. Како нов предизвик пред нив, се поставило изучувањето на македонскиот јазик, но со нивните претходни познавања на бугарскиот јазик првата година од акадмескиот престој не била толку тешка. Тие веќе одлично го владеат македонскиот јазик и немаат речиси никаков проблем при комуникацијата. Признаваат не било лесно да се учи и трет јазик, но затоа Берк ќе каже „за успех мора да се има силна желба и волја“. Но, затоа тие не се сами, заедно со нив се и останатите студенти од Турција, но и цела Европа и пошироко, па меѓусебно си помагаат и ги надминуваат потешкотиите. За нив особено е важно што овде во Штип не постои сегрегација и поделба. Сите студенти се еднакви и постои меѓусебна соработка и почит. Интересно е што турските студенти, се навистина популарни во градот и штипјани нависитина ги прифатија како свои и се спријателија со нив. Ебру и Берк велат дека немаат никакви проблеми за снаоѓање во градот, Штип не е многу голем град и лесно се приспособиле на животот овде. Берк за себе вели дека во комуникацијата со колегите и луѓето, воопшто, многу му помогна што е постојано насмеан, искрен и неговата топла душа.



Ебру и Берк кои се одлични студенти, освен за студирање, наоѓаат време и за други слободни активности, а веќе имаат и голем круг на пријатели. Ебру заедно со една од најдобрите пријателки Марија, посетуваат часови по фитнес, излегуваат на кафе и прошетки, а понекогаш знаат со друштвото да отидат и во кафана. Ебру веќе знае и македонски народни песни, па забавата со македонските пријатели никогаш не изостанува. Берк, пак е посветен на спортот, сака да спортува и да вежба во теретана, често можете да го најдете во град на кафе или ручек со пријателите или колегите. Низ смеа Ебру и Берк велат дека повеќе зборуваат македонски, отколку турски дури и кога се меѓу останатите турски студенти.

Сепак, понекогаш им недостига родната Турција, а најмногу нивните семејства. Ебру се враќа три до четири пати годишно и кога е дома целото време го поминува со семејството, нејзината мајка и ги готви омилените јадења, а со пријателките излегува да се забавува. Берк си оди дома многу почесто, понекогаш знае да го искористи и викендот за да се види со своите, а најмногу со неговиот брат кој за него е и најдобриот пријател. За него, едно од нештата кое најмногу му недостига во Македонија се морето и водата, затоа што е страсен пливач.

И покрај сè, Ебру и Берк успеваат да најдат успешен баланс помеѓу студирањето, животот во Штип и враќањето дома. Како успешни студенти, тие полека размислуваат и за својата иднина. Ебру по завршувањето на студиите во Македонија, ќе продолжи на специјализација во Германија, бидејќи дипломата од штипскиот универзитет ќе и биде призната, што била и една од причините за запишување додипломски студии во Штип. Берк, со малку поинкави планови, но не и помалку значајни. По враќањето во Турција, тој ќе отслужи воен рок од една година, а потоа сака да се вработи во фармацевтска компанија и откако ќе стекне доволно искуство, сака да започне сопствен бизнис во Истанбул.

На крајот од разговорот Ебру и Берк изразија огромна благодарност до редакцијата за интересот да се претстават турските студенти пред пошироката публика и останатите студенти. Среќни се што имаат можност да бидат дел од студентското списание и за нив ова претставува мотив плус да продолжат да даваат максимум од себе. Ние им посакуваме многу успех, многу пријателства и остварување на сите планови и идеи.









Ана Стоилова

# „Образованието е најмоќното оружје за да го промениме светот“

Се вели дека образованието претставува клуч за подобра иднина. Сите ние сами ја креираме и одбираме нашата иднина, правиме планови со стремеж да ги оствариме. Сонот на секој студент е завршување на студиите и потоа вработување на соодветно посакувано работно место. Разговаравме со неколку студенти од нашиот Универзитет, околу нивните планови и стремежи за во иднина, што по завршувањето на студиите.





**Наталија Милорадовска** – Факултет за медицински науки - Општа медицина, четврта година
По завршувањето на моите студии сакам да продолжам на специјализација и да го надоградувам моето знаење. Иако можностите за стекнување на искуство и знаења се многу поголеми надвор од нашата држава, јас сепак би сакала да продолжам овде и да бидам од корист на мојата земја и моите сограѓани.

**Марија Ефтимова** - ФПТН - Архитектура и Дизајн, трета година
По завршувањето на факултетот сакам да аплицирам за пракса во Германија или постдипломски студии надвор од државата со цел да добијам поголемо искуство, бидејќи не сум задоволна од условите тука. Секако желба ми е да си најдам работа соодветна на мојата струка. Сакам да бидам успешен архитект или дизајнер на големи проекти и да ги воодушевувам луѓето со нови дизајнерски решенија во областа на архитектурата.



**Денис Анастасов** - Филолошки факултет - Германски јазик и книжевност, трета година
Мојот план за во иднина , по завршувањето на студиите е да се вработам како професор по германски јазик или пак да бидам лектор на мојот факултет. Гимназијата во Кочани ми делува како одлична прилика за мое идно работно место како професор.





**Николина Атанасова** – Правен факултет - Новинарство и Односи со јавноста, трета година
Што после завршувањето на факултетот е прашање на кое никогаш не знаете дали ќе одговорите точно. Среќна сум што со мојот факултет имам многу перспективи, а воедно и го учам она што уште од дете го посакував. Никогаш не ја гледам иднината туку инвестирам во сегашноста. Моментално имам своја емисија на ТВ Кочани и работам како практикант во Радио Кочани, а секако тука се и активностите во УГД ФМ и Студентско ехо. Сакам да стекнам повеќе искуство во сферата на односите со јавноста. За успех во професијата треба да се има желба за напредок и учење, а со тоа придонесуваме секоја коцка да се намести на вистинското место.

**Александра Димитровска** - Економски факултет, трета година
По додипломските студии на Економскиот факултет, планирам да започнам свој сопствен бизнис во родниот град и паралелно да отпочнам со постдипломски студии. Се уште немам одлучено која насока ќе ја одберам, но ќе продолжам на нашиот универзитет.

Петар Трбојевиќ



# „Навистина немам супер моќи, но ете после песната се истурија дождови“

Искрена, млада, амбициозна, талентирана и вредна – се само неколку зборови со кои може да се опише Сара Костадиновска или нам познатата Сара Мејс. Имавме прилика да ја запознаеме оваа девојка на почетокот во едно од најдобрите шоуа „Јас имам талент“ каде се појави заедно со својата долгодишна другарка и цимерка, во дуото „Цимерките“. Станува збор за исклучителен талент. Има завршено Музичка академија во Софија, специјалност харфа, а истовремено студира и на отсекот за композиции како и џез пеење. По своите студии ја добива и наградата за најдобар студент во Софија, Бугарија.

Сара Мејс, веќе силно чекори на македонската забавна, но и класична сцена. Уште како студент во Бугарија, освојува со своите настапи свирејќи харфа, но истовремено и пеејќи низ познатите џез барови. Иако е на почеток на својата кариера овде во Македонија, сепак зад себе има неколку песни како „Врне, врне“, „Шаби Лаби“, „Денот да е убав“, „Намбареја“ кои оставија голем впечаток на публиката. Заслужено, следуваа и неколку фестивали и награди, од кои најнова е наградата на МАРС (Македонски Радиски Фестивал) за женски вокал на годината со песната „Врне, врне“. Оваа прилика ја искористивме да поразговараме со неа и да ја прикажеме во вистинско светло.

**Со оглед на тоа што имаш завршено и средно музичко училиште, а подоцна академија и тоа не еден туку три отсеци, од каде желбата, мотивот да се одлучиш дека токму музиката е она на кое му веруваш?**

Отсекогаш знаев. Јас не знам нешто друго да правам во овој живот. Музиката ми е сè. Сметам дека кога се работи за музички изведувач во секоја смисла на зборот, а секако и компонирањето, на некој начин можеби ти претставува проблем да се „избориш“ со сето она кое ти се провлекува низ глава. На кој начин успеваш во она што го работиш, да направиш една мелодија, еден аранжман, текст, толку успешно и вредно за слушање. Сметам дека не постојат стилови, граници, лимити... Треба само да си ја сервираме душата најискрено. Што и да правиме во животот, мислам дека тоа е единствениот „правилен“ начин.

**Несомнено е дека песната со можеби еден од најинтересните наслови „Врне, врне“ ти донесе голема популарност, но и се отворија големи „дебати“ дека имаш некаква моќ, да го контролираш времето. Колку тоа ти помогна во својата кариера и дали таа песна беше презентирана пред јавноста со некаква цел?**

Не, навистина немам никакви моќи и не беше целно презентирана песната. Не знам како така се случи, ама ете после песната навистина имаше поројни дождови.

**Во твоите песни, многупати можат да се забележат џез елементи, како импровизација, џез акорди и слично. Низ музичките интернет портали се вртат и снимки каде заедно со бендот Еррор 404 изведувате џез музика. Кажете ни малку повеќе за оваа соработка, секако и за тоа дали постои желба да се биде џез артист во Македонија?**

Па мислам дека имам уште многу пити да јадам дури да станам џез артист, ама дефинитивно сакам да не престане џез влијанието како зачин во луд поп. Инаку за Error 404 имам само многу убави емоции и сигурно таа соработка ќе се повтори и во иднина.

**Последно од Вас е песната „Намбареја“, која веќе доби големо внимание кај слушателите, а и гледачите. Кои се следните планови? Албум, цимерките, нова песна, харфа, џез?**

(со насмевка) Те гушкам за прашањево. Најискрено, сè. Сè планирам. Сето тоа мислам дека добро ќе се почувствува во албумот кога и да е.











Николина Атанасова

# Преродба во поезијата









Човековиот ум и човековото тело со години останале исти. Но, светот постојано се менува. Постојано доживува разни реформи. Еден таков бран ја зафати и поезијата. Длабоко навлезе во неа и внесе големи промени. Слободно можеме да кажеме дека поезијата еволуира. Доживеа и доживува преродба која ќе остави трага во историјата. Со напредокот на технологијата се смени текот на голем дел од работите. Технологијата придонесе многу нешта да се одвиваат поинаку. Истата има голема улога во преродбата на поезијата. Сè повеќе млади „поети и писатели“ ги користат социјалните мрежи да ги изразат своите мисли. Некои кажуваат свои ставови, некои критикуваат, за некои тоа е простор за пласирање на својата креативност, а некому овие места му служат за изразување на своите чувства. Сепак, сите овие луѓе споделуваат уметност. Преовладува квантитетот, но не треба да се потисне и да се заборави квалитетот.

Некој не ја признава ваквата поезија, некој ѝ се восхитува, а некој не ја ни разбира. Сепак оваа поезија го прави младиот човек уште по мрзелив и неук. Младите генерации сè помалку ја посетуваат библиотеката и сè помалку читаат нешто навистина вредно, корисно и квалитетно. Нешто што генерации наназад ги учело како се учи и пишува. Со часови се читаат секакви глупости по интернет. Порталите се преплавени со секакви текстови, полни со јазични и граматички грешки кои не го прават човекот попаметен или пцости. Често пати интернет поезијата зборува и цели кон идеална љубов. Љубов каква што не постои. Младите добиваат погрешна слика за вистинските вредности, читајќи и учејќи од овие зборови. Оваа поезија често содржи и емоции начкрбани на лист хартија од страна на одредени фрустрации и комплекси на личноста. Со чесни исклучоци оваа поезија ја гази онаа старата, како воопшто да не постоела. Консументите на оваа поезија најчесто се млади генерации кои штотуку се градат и не се во можност да разликуваат добра од лоша поезија. Се хранат неквалитетно, мислејќи дека во својот ум внесуваат напредок. Старата поезија сè помалку се чита и почитува. Не дека оваа поезија не треба да постои воопшто, но сепак има премногу неквалитетни содржини. Социјалните мрежи премногу влијаат на младите генерации, а и оваа поезија која е дел од нив. Младите каква литература читаат, така и се однесуваат. Не би сакала оваа преродба да згасне, но нејзината еволуција сметам би требала да се одвива во малку поинаков правец и да се сеат вистински вредности преку неа. Да не создава литература копирана, преведена, полна со штетни материи кои влијаат на младите. Да се создаде нешто што ќе еволуира, но ќе биде продуктивно, што ќе може да разубави нечиј ден и ќе усреќи нечиј живот, а тоа засега вешто го прави Ана Голејшка. Нејзиното граматичко и јазично дејствување тежнее кон нов правец во поезијата. Таа правилно еволуира внесувајќи еден нов бран во македонската поезија. Создава правец кој барем еднаш во животот треба да го следите.

Секоја еволуција е подложна на критики, но мораме да го извлечеме позитивното од секоја промена. Оваа поезија веќе создава нов правец и треба да ѝ помогнеме за истиот тој правец да тргне во позитивна насока, за која ќе се зборува позитивно со генерации. Да ги отстраниме дамките и заеднички да создадеме нешто вредно за паметење што ќе навлезе и ќе се негува во иднината.

# Л У Л К А

СПОРЕД МОТИВИ ОД НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО
РЕЖИЈА АНДРЕЈ ЦВЕТАНОВСКИ

# Не е едноставно да се раскаже битот на македонскиот народ



На 15 ноември во Штипскиот народен театар се одигра најновото театарско остварување под режисерската палка на Андреј Цветановски, а во изведба на штипскиот ансамбл. Станува збор за претставата „Лулка“ работена по неколку народни мотиви од приказните на Марко Цепенков, но и од богатата културна ризница со која располага Македонија. Идејата на претставата е во играна форма да го пренесе нашиот бит и мудроста на нашите претци.

Од друга страна, целта на оваа претстава е да ја забавува публиката и на интересен начин да ја ангажира публиката да размислува за народните мудрости, одиграни преку приказните оставени од старо време, да ги преточи на сцена и сето тоа да го доживеат актерите. Во оваа претстава се зборува на повеќе дијалекти како прилепски, битолски, малешевски, кочански и штипски, со цел да се зачува автентичноста на народните преданија. Иако можеби за актерите, претставата претставува предизвик и се соочиле со потешкотии во изведбата, сепак за оние актерите кои во себе ја имаат задржано детска наивност и верба, успеваат да влезат во ликови од народните приказни и да се соживеат со цел успешно пренесување на народните мудрости. Актерите во оваа претстава се една екипа која дише како еден организам, односно нивните ликови заеднички дишат, се смеат, плачат, играат како во едно тело. Сите ликови сакаат да создадат нешто заедничко и да ја постигнат целта да раскажат некоја приказна. Актерите максимално се посветени на оваа претстава и со секоја изведба претставата расте, добива свои предности, интеракција со публиката и со тоа самата се развива и останува жива.

Името лулка доаѓа како сублимат на деловите од народното творештва кое претставува еден вид на зачеток на битот на еден народ. Македонските народни приказни се показател за мудроста на нашите претци. Затоа „Лулка“ и сето она кое е собрано во неа претставува успешен синоним за сандакот полн со приказни, песни и гатанки кои македонскиот народ ги оставил за идните поколенија.












# „За да бидете добар фотограф, прво треба да излезете од дома“

И покрај тоа што знаеме дека бројот на фотографи се зголемува сè повеќе од година во година, Божидар Барлакоски со своите неверојатни фотографии и многу бројните успеси и награди, оваа година се истакна како најнаградуван фотограф. Тој со своето две годишно активно работење со фотографирањето е член на Фото-кино клубот “Прилеп” и Фото сојуз на Македонија. Но интересно е што овој перспективен фотограф е студент на Филолошкиот факлутет при катедрата за македонски јазик и книжевност на Универзитетот “Гоце Делчев ” во Штип. Со него разговаравме за неговата страст кон фотографијата, за неговите идеи, успеси и планови, а разговорот ви го пренесуваме во продолжение.

**Знаеме дека во денешно време речиси секој од нас може да си дозволи добар фотоапарат, но не секој може да ја долови убавината на природата и да ја прикаже преку фотографија токму во вистинското светло. Што сè е потребно за една добра фотографија и дали секогаш ви успева да ја реализирате секоја ваша замислена идеја?**

За добра фотогрaгија треба да излезете од дома и да имате идеја, понекогаш добриот кадар ни е веднаш пред носот и портата, понекогаш многу подалеку, понекогаш скриен зад некое ќоше, за ова треба очи 4 отворени. Не секогаш се враќаш со „трофеј“ од фотографирањето. Многу пати се случува да ја празнам картичката како да е карта полна ѓубре, понекогаш ми е многу криво за тоа, но најчесто тоа го гледам како нова прилика за уште едно патување.

**Раскажи ни нешто повеќе за вашата фотографска приказна и за тоа како ја пронаоѓате инспирацијата за успешна фотографија?**

Можам да се потрудам да раскажам една моја фотограгска приказна, тоа воедно ќе биде и расказ за мојот успех, затоа што ако не успеав да ги најдам одговорите на некои за мене битни прашања преку фотографијата, немаше да имам никакви други успеси. Пред три недели во прилепското село Канатларци за муслиманскиот празник Ашура. Никогаш нема да претставите колку се рурални наспроти од бучавата на градовите, ниту пак колку сме благородни настрана од урбаните отровни пропаганди за другите околу нас, за разлика од нас. Нè пречекаа лица празнично озарени, со гостопримство како што во последно време не доживувам и меѓу своите. Покрај другите работи со кои нè понудија, јас бев почестен да ме понудат и со парче од нивната душа, дозволувајќи ми да ѕирнам само на момент во најсветиот дел од нивниот ритуал кога кажуваат молитва над Ашурето пред да почнат да го делат меѓу народот. Имав време само за една фотографија, на моја бескрајна среќа успешна фотографија. После тоа следеше фешта, поздравување секој со секого, деца кои претрачуваат низ сечии нозе, возбудено и вцрвенето втрчувајќи се кога пред нив ќе се најдеше широката зеница на мојот објектив. Меѓу нив и едно девојче, златокосо, кое не играше со никого седеше настрана, но сите деца пристапуваа со почит и сочувсто кон неа како кон возрасните. Подоцна разбрав златокосото девојче останало без родители и живее само со својата баба. Сега нејзините портретите имаат почесно место на ѕидовите од мојот дом.

**Денес на социјалните мрежи има безброј фотографии, како што кажав претходно секој може да дојде до добар фотоапарат , но не и до добра фотографија. Според вас што треба да поседува еден добар фотограф и каков совет би им дал на оние кои се љубители на фотографирањето?**

Кон оние кои фотографираат, дотолку повеќе кон оние кои сакаат добро да фотографираат, а најмногу кон оние кои сакаат да бидат добри фотографи би можел да им кажам дека за да се биде добар фотограф треба да се биде растеретен од предрасуди и суета. Да се импресионираат од сè и секаде, кога носат фотоапарат, да им трепери во градите како да носат ризница полна човечки животи, природни богатства, тајни за кои не секој е достоен да ги има во оригинал. И нормално, пред сè за да се биде добар фотограф, ова важи и за мене, прво треба да се излезе од дома.

**И за крај кои се вашите идни планови?**

Моите идни планови се, да немам планови. Сакам животот да ме изненадува, да ме фаќа од заседа, да ме фрла од една крајност во друга, да ја тестира мојата страст и љубов за тоа што го работам и тоа што сум, да ме сопнува и да ме воздигнува.





Барлакоски годинава е добитник на повеќе награди меѓу кои:
Златен медал – прва награда за колекција на фотографии на Денови на македонската фотографија
Диплома за фотограф од FIAP (Federation Internationle de'l Art Pfotographique) на меѓународен конкурс на уметничка фотографија – PRILEP SALON 2014
FIAP диплома на Карпатски Драг во Украина
Трета награда за фотографија на меѓуклупската изложба „Круг“

# VOGUE

## Винтур е најдобриот моден диктатор кој владее со империјата

**Вог е најпознатото модно списание, врвот во модната индустрија кое се издавава еднаш месечно во 23 земји. Пишувајќи за модата и дизајнот, списанието го диктира животниот стил на модните следбеници ширум светот. Преку презентирање на најновото од висоската мода, ја истакнува и негува жената и нејзината моќ, воспоставува трендови кои во истата секунда завладуваат со целиот свет. На насловните страници на списанието можат да се најдат славни личности од најразлична бранша: Од Мишел Обама, Џенифер Лопез, Кејт Мос до Анџелина Џоли. Опфаќајќи го сето актуелно во светот, но презентирано преку модата, списанието претставува вистинска модна империја. Од минатото до денес иако неговиот концепт е радикално сменет, денес Вог е 3 пати повеќе читан. Со воведувањето на своја онлајн верзија и примамувајќи ги читателите со заводливите модни насловници, истакнувајќи го најдоброто од највисоката мода, тој сега креира и попријателски пристап кон своите верни читатели овозможувајќи им да даваат свое мислење за списанието. Вог е столбот во модата, тој одредува дали е нешто модерно или не. Неговото влијание оди до таму што одлучува дали еден дизајнер ќе има кариера или не и дали Обама е добро облечен, а Винтур е најдобриот моден диктатор кој зад боб фризурата и Шанел очилата владее со империјата. Синонимот за Библија во модната индустрија, која секојдневно поминува низ рацете на милиони верници, благодарение на најмоќната, Ана Винтур, челичната модна лејди која почнувајќи од 1988, откако го презеде раководството врз Вог, го оправда вистинското значење на зборот.**



Која е Ана Винтур?
Предводникот на сето она наречено Вог, жената која има најдоминантна позиција на модното поле, главниот уредник на американскиот издание на Вог. Ни една ревија не започнува додека не дојде таа, ниту еден дизајнер не шие додека не одобри таа. Тренд или демоде по нејзина наредба. Гаволот кој носи Прада, сурова во нејзиното владеење, Ана е првата личност што ја поврзуваат со модата, бидејќи никој друг не ја познава модата подобро од неа, зар не? Но, ако кажам дека директорот на Кока Кола не го осмислува дизајнот на шишето, туку го продава, дали вашата Винтур добива друго значење? "Кога ќе погледнам како е облечена, не верувам на нејзиниот вкус ниту една секунда", вели Алаја. Ова изрека на тунискиот дизајнер те тера да се прашаш дали навистина Ана Винтур е модна икона? Жената која 20 години чекори во едни исти Бланик чевли, а е на чело на списание што означува тренд, промена и попларност, онаа што кога и да ја видиш, на кој било настан, не мами погледи, туку мами прашања што воопшто облекла. Дали овде лежи апсурдноста "Без вкус, а на чело на модна империја?".

Модата, или ја знаеш или не ја знаеш Колку навистина Ана е инволвирана во страниците на модното списание? Сето она што ни се допаѓа во Вог, секој уреден едиторијал, секоја напишана реченица, сето тоа е изведено од тим на новинари, стилисти и дизајнери. Ана е едноставно само генијалецот кој профитира. Ја стави Кардашијан на насловната, за кое сите до неодамна ја осудуваа. Но, таа е бизнисмен и размислувајќи од нејзина перспектива, сосема оправдано. Ја става најактуелната личност на насловната и добива најчитано списание. Резултат: половина милион продадени копии. Затоа, сметам дека поголемиот дел од луѓето, да не речам сите погрешно ја толкуваат нејзината улога. Таа го води бизнисот, а не модата. Таа стреми секогаш Вог да е на врвот, а модата ја препушта на вработените експерти. Но, од тука по малку загрижува и фактот дека списанието полека ја губи својата тежина и тоа се должи на амбициозноста на Винтур кога тргнува во погрешна насока. Само профит, а не и квалитет. Да се биде секогаш прв во трендовите е значењето, дизајнерите се трендовите, но таа дали започнува да ги избира „талентираните"? Го промовира Ингелмо, а го занемарува Армани? Зошто да се истакнува некој чија скица е обична патика, наместо дизајнер кој архитектурата ја пренесува врз втората кожа на жената, врз фустанот? Сепак и Вог се менува со времето. Секако не можеме да очекуваме првата колекција на Диор да биде попосакувана од последната на Раф Симонс. Со новите трендови, се раѓаат и нови дизајнери и иако Ана Винтур никој никогаш нема да ја запамети по нејзиниот стил, тоа што Вог секогаш е и ќе биде на врвот е личен доказ за нејзиното постоење. Иако повеќето живеат со погрешната претстава дека Ана е стилистот на сите едиторијали, сепак користејќи ги правилните медиумски алатки, таа од ден на ден се повеќе го зајакнува влијанието и моќта на списанието.





# Популарни бои, фризури и обувки за оваа сезона

**Како што се менуваат годишните времиња така се менува и модата и модните трендови. А оваа сезона имаме нови и популарни трендови, бои, фризури и обувки кои што се дојдени директно од модните писти и светски познатите дизајнери како Версаче, Шанел, Кристијан Диор, Ели Сааб, Кристијан Лобутин, Брајан Етвуд, Џузепе Sаноти и многу други.**



**Обувки**
Обувките можеби ги облекуваме последни но тие имаат иста важност како и облеката што ја носиме. Тие имаат големо влијание на комплетниот стилски впечаток. Обувки кои ке царуваат во оваа студена сезона се:
- Високи чизми над колена - ултра високите чизми кои ги покриваат колената се највпечатливиот тренд кај зимските обувки. Тие се знак на самодоверба, но и мал моден предизвик бидејќи не секој се осмелува да облече вакви високи чизми.
- Чизми до глужд со метални детали - металните детали со златен или сребрен финиш се како накит за чизмите и визуелно го збогатуваат вашиот аутфит. Токи, нитни, шајбни, апстрактни елементи… сѐ што има малку метален сјај се поклопува со дизајнерските визии за студените месеци.
- Јавачки чизми - чизмите во јавачки стил се чиста класика и никогаш нема да останат занемарени во зима. Со нив безгрижно ќе газите за време на дождливите и снежни денови, а вашите стапала ќе ви бидат благодарни за комфорниот избор.
- Бунтовни „моторки" - Навраќањето на гранџот и панкот за нова модна инспирација неизбежно оди рака под рака со популаризирањето на моторџиските чизми, а донекаде и на чизмите во војнички стил. Нивниот груб изглед може да биде пикантен зачин за женски комбинации кои говорат за беспрекорен стил.
- „Гламурозни" патики - Можеби неочекувано, но патиките влегуваат на територијата на гламурот. Независно дали се со висока полна потпетица или ниски, модерните патики се украсени со метални детали со златен или сребрен отсјај, златни патенти или додатоци на патентите.

**Популарни бои**
Модните трендови за претстојната сезона генерално веќе се подготвени, а време е да почнеме со сумирање на она што ќе доминира во тој период. За сега е доволно да ги дефинираме боите што ќе преовладуваат оваа есен и зима, а вие само треба да ги одберете нијансите кои најмногу ви одговараат, па кога ќе дојдат студените денови вие веќе ќе бидете на прагот на модерниот и женствен изглед. Ако погледнеме во колекциите на дизајнерите, скоро целиот круг на бои е застапен оваа сезона, не исклучувајќи ги секогаш присутните – белата и црната боја. Стандардно, есента носи малку потемни нијанси, но овој пат и по некоја светла, која ќе ја разбие монотонијата и во најтмурните денови. Најзастапени бои во колекциите на дизајнерите за следниот период се: сива-неутрална боја и сите нејзини нијанси , нијанси на сина-морнарска и кобалт, црвена-аурора, сангарија и борди нијанси, виолетова - од најтемните нијанси па се до нежните јоргован нијанси, кафена и беж - коњак кафена и сите нијанси на беж бојата, чемпрес зелена, која што одлично се комбинира со коњак кафена, замаглено жолта - која што одржува баланс и свежина помеѓу темните и тмурни бои и секако класичните црна и бела кои што се комбинираат со секоја боја и нијанса.





**Популарни фризури**
Покрај облеката, на модните писти од голема важност исто така е и косата, односно фризурите. Според она што беше прикажано на модните писти, актуелни и трендовски фризури, бои и стилови за коса за сезоната есен/зима се:
- Патец на страна - длабок патец на страна со што поголемиот дел од косата е на една страна од главата.
- Плетенки - сите видови на плетенки се актуелни но највеќе оние во ретро и винтиџ стил.
- Ефект на мокра коса – овој ефект можете да го постигнете со некој препарат за коса како што се гелот и лакот.
- Опавче - без разлика дали е класично, разбушавено, високо или ниско секој вид на опавче е популарен.
- Пунџа - класична, некласична, заплетена, висока или ниска не е важно секоја пунџа е тренди.
- Популарни бои за коса за сезоната есен/зима се црвената и кафената со сите нивни нијанси, изборот е ваш.

Тереза Николовска



# Светско чудо на природата





Кањонот Матка зафаќа површина од околу 5000 хектари и се наоѓа на 17 километри југозападно од Скопје. Матка е прекрасен локалитет, споменик на природата и културата. Тоа е еден од највеличествените предели во Македонија. Патеката до планинскиот дом е чиста и уредена, има прекрасен поглед - рај за очи, свеж и чист воздух и тивкиот глас на птиците.

Матка претставува еден од најголемите рефугијални центри за време на глацијалниот период, што придонело денес на овој простор да се сретнат голем број реликтни и ендемични растенија и животни. Кањонот Матка во себе крие една мала Света Гора. Низ поминатите години на Матка опстојувале повеќе цркви, манастири, како што се: Св. Спас, Св. Богородица, Св. Никола итн. Матка е полна со убавини, каде чест земаат и пештерите Врело и Подврело, кадешто Врело се смета за светско чуда и со нејзината длабочина од 330 метри претставува една од најдлабоките подводни пештери во светот. Во длабочината на пештерата се наогаат две езера Големо и Мало со своја т.н. „руска плажа". Плажата го добила името по првите луѓе кои ја искористиле, а тоа биле руски пилоти вработени во македонско воздухопловство. Во пештерите има концертна сала, од чија лева страна се „пишаните камења". Станува збор за систем од знаци, писмо за чие дешифрирање и толкување треба стручна помош. Се стигнува со чамец кој застанува на специјално направена платформа, а потоа се пешачи до влезот на пештерата. Тоа се едни од посебните и убавите пештери на Матка.

Во рамките на кањонот се наоѓа спелеолошкиот парк „Јовица Гроздановски" именуван по загинатиот македонски алпинист, составен од трите пештери Врело, Убава и Крштана, кои денес претставуваат туристичка атракција која привлекува голем број посетители.

Значајно и посебно место зазема и ресторанот Матка сместен на самиот брег од езерото кој нуди пријатен амбиент и мирис на домашната кујна, на кои ниеден посетител не може да им одолее. Посетете ја оваа природна убавина и уживајте во мирот и спокојството кое го нуди









Маја Стевиќ

# Дали пламенот ќе ни ги избрише спомените од најскриеното светилиште?






Изминатово лето имав прилика да посетам една од многуте убавини на Македонија – манастирот Трескавец во преубавите предели на Пелагонијата. Оддалечен на 10 километри од Прилеп, меѓу карпите на Златоврв, манастирот се наоѓа на 1300 метри надморска височина. Во неговиот дворец се наоѓа и црквата „Успесение на Пресвета Богородица" кои со својата живописност претставуваат вистински храмови на христијанноството.

За манастирот Трескавец се вели дека е најнепристапното и најскриеното светилиште во Македонија и тоа навистина е така. Патот до него е доста стрмен и опкружен со неверојатни карпи какви што ретко можат да се видат. Кога конечно ќе се искачите неговата и убавина на околината навистина ќе заблескаат во вашите очи. Меѓутоа во денешно време како што се среќаваме со сѐ почести „случајни" пожари, истото му се има случено и на овој манастир кој е еден од најзначајните монашки и духовни центри. За жал овој манастир во својата историја има страдано 3 пати од катастрофални пожари. Првиот бил во 1867 година кога изгореле само неговите конаци. Вториот се случил во 1990 година кога целосно изгореле конаците. Тогашната штета била обновена со помош на донации. Трескавец го доживеа и третиот катастрофален пожар на 4 февруари во 2013 година. За пожарот се вели дека настанал поради дефект на греалка при што повторно целосно изгорела манастирските конаци.

Иако помина повеќе од една година од оваа несреќа, сѐ уште никој нема преземено никакви мерки за негово обновување. Се прашувам дали така лесно ќе дозволиме пламенот да ни ги избрише од сеќавање белезите на Македонија.







Доколку сакате да се изолирате барем за момент од градскиот метеж, од урбаните навики и стресното секојдневие посетете ја браната Градче. Во источниот дел на Македонија, вештачкото езеро Градче е едно од најубавите места кое фасцинира со својата прекрасна природа и незаменливиот амбиент. Тоа е неверојатно место кое е сместено во подножјето на Осоговските Планини, кое се наоѓа на само шест километри од градот Кочани. Градче е најдобриот пример за она што го има Македонија, бидејќи Градче е место што нуди совршени услови за одмор и совршен мир, нуди неверојатна тишина, ова е место со фантастична и бујна вегетација, со прекрасни пејзажи. Овде кога ќе пристигнете ќе се почуствувате како на друга планета поради сè она што изгледа недопрено и бидеќи сте опкружени со спокојство и совршен природен ред. Овде изгледа како човекот да не допирал ништо, ја оставил природата онаква каква што е, со целата нејзина раскошност и инспиривност. На Градче природата му дала сè, разни видови на дрвја, како што се ела, бука, даб, опкружена со борова шума кои се надополнети со езерото во кое постојано се одгледуваат шумите му даваат фантастична зелена боја. Со сите бои и пејсажи ги воодушевуваат сите посетители. Чистиот воздуж им дава причина плус на туристите да појдат на ова магично место.







# Природата не штедела, а човекот умешно ја скротил

Во околината на браната Градче има имногу места кои би требало да се посетат. Посета на знаменитости поврзани со културното, обичајното и историско наследство. Езерото може да се заобиколи и по планинските пешачки патеки кои се долги само три километри, а широки два ипол километри. Многу атрактивни се и водопадите кои се наоѓаат близу езерото. Овде туристите имаат можност за активност и рекреација, за осознавање на местото со забава и анимирање што е специфично за овој дел од нашата земја и воедно никогаш не се досадуваат.

Во преубавата густа борова шума во 1979 година е изграден и хотел, во непосредна близина на брегот на езерото. Хотелот со 3 ѕвездички е комплетно реновиран и ви нуди сместување во автентична градба и традиционална кујна со многу локални специјалитети. Овде подоцна е направена и мини плажа која што е прекрасно место и во летниот период е атракција за странските и домашните туристи. Ловот и риболовот како и излет со скара покрај езерото се дел од активностите кои ги нуди ова несекојдневно место.

На брегот од езерот е изградена и летна бавча на која има прекрасен ресторан каде што во кочанчаните и туристите пронаѓаат спас од летните горештини. Природна сенка на летната бавча е дабот стар 300 години.





Малку историја:
Селото Долно Градче постоело се до 1958 кога било решено на тоа место да се гради вештачко езеро и брана поради неколку причини, а една од нив била да се спречат честите поплави на градот Кочани. Тогаш жителите биле раселени, а селото потопено. Исто така за посетителите доста интересен е така наречениот „Големиот водопад" кој бил наменет како попречен ѕид за водата да не се слева во големи количини на местото каде што се градела браната. Со текот на времето реките по природен пат направиле почва, а денес овој ѕид има улога на водопад кој се слева во малото езерце.





# Со медитација до подобар живот

Доколку сакате да се ослободите од стресот, негативната енергија, премногу учење или пак едноставно да се опуштите, не чекајте некој да ви го разубави денот, само најдете тивка просторија, позиција која ви одговара и опуштете се. Медитацијата е одлична техника која ќе ви помогне да го контролирате вашиот ум, внатрешните мисли и внатрешниот мир за да функционирате совршено. За нас студентите кои понекогаш знаеме да се вратиме од факултет изнервирани, поради различни причини, медитацијата би била нешто што ни би го вратила денот во хармонија и мир, со што би продолжиле да функционираме онака како што треба. Медитација претставува насочување на вниманието кон нешто позитивно и ослободување на мислите, при што се постигнува душевно спокојство. Медитацијата е всушнсот отргнување за момент од сите проблеми и насочување на мислите кон позитивната енергија на нашето живеење. Со медитацијата се регенерира психичката и физичката состојба на умот и телото. Генерално, медитацијата влијае многу позитивно врз здравјето така што може да се каже дека со неа може да излечите буквално сè. Еве неколку основни чекори за медитација.



Прв чекор: Најдете просторија која ќе ви одговара. Просторија во која ќе можете да се опуштите и да не размислувате на проблемите. Ова не треба да значи дека просторијата мора да биде тивка, додека медитирате можете да си пуштите и музика. Изборот на местото на кое ќе медитирате е ваш избор. Тоа може да биде надвор (ливада, парк, шума) или пак вашиот дом кој можете да го уредите онака како што вие сакате.

Втор чекор: Најдете положба која ќе биде удобна за вашето тело. Положба која нема да ви го насочува вниманието на болка или нешто друго. Тоа би можело да биде седење или лежење. Поставеноста на рацете и нозете е ваш избор, само внимавајте вашиот



рбетен столб да е исправен.

Трет чекор: Стереотипното затворање на очите и не е толку важно во медитацијата. Вашите очи можат да бидат и отворени. Разликата во тоа е што кога вашите очи се отворени можете полесно да се фокусирате на едно нешто, а доколку ги затворите вашите мисли можат да одлетаат на сосема друго место.

Четврт чекор: Откако ќе ги завршите сите претходни чекори подгответе се за промена. Прво, почнете со благо вдишување и издишување, со тоа почнува фокусирањето кон добрите мисли. Доколку забележите дека вашите мисли се насекаде и не можете фокусот да го задржите започнете да броите во себе до една одредена бројка и назад. Во случај да губите концентрација не се обидувајте да ја занемарите и да продолжите со медитирањето. Тоа е нормално, понекогаш мислите и емоциите не ни даваат да се контролираме самите себеси. Тоа е затоа што некои емоции како страв, бес и срам се склони кон создавање на приказни во нашата глава. Ако сте почетник вашата медитација би требало да трае околу 10 минути со што подоцна времето на медитирање би се зголемувало.

Медитацијата треба да биде извор на радост и задоволство. Таа не треба да претставува тешкотија за самиот човек. Не треба да се имаат преголеми очекувања доколку сте почетник. Со подолготрајно медитирање ќе ги забележите сите промени и позитивни реакции од медитирањето.

Научниците во САД, Шпанија и Франција откриле дека медитацијата може да поттикне промени кај некои гени. Утврдиле дека медитацијата може да го блокира производството на протеини кои ги контролираат гените одговорни за појавата на болести. Досега медитацијата се сметаше за идеален метод за опуштање, кој ни помага да се справиме со емоциите, но новото истражување го покажува нејзиното позитивно влијание и врз мозокот. Резултатите покажуваат дека кај луѓето кои медитираат активноста на гените кои го попречуваат развојот на некои болести е поголема. Останатите студии ја поврзуваат медитацијата со намалување на стресот, подобро варење на храната, полесно лекување настинка и регулација на крвниот притисок.

Иван Дуковски




# Од Штип па сè до Ибица

Петтата димензија и „гринфестовската" треска кои нè одминаа, дадоа едно ново и свежо светло на клубската сцена во Штип. Борјана, Фабио Флоридо, Кристијан Петровски, Сашо Ресид и веќе докажаниот штипијанец Ненад Петров кој со својата музика и енергија цело лето ја загреваше атмосферата на Ибица, ни докажаа дека Штип иако мало, е прекрасно место за забава. Ви пренесуваме како беа организрани „5th dimension" и „GreenFest", но пред сè ќе дознаеме и нешто повеќе за диџејот Nennat Omen.

„Сè всушност се случи многу спонтатно. Сè започна од училишните забави кои што ги правевме во основно и тој еден мал натпревар што го имавме кој ќе собере повеќе касети со музика. Обично хоби со училишните забави уште како мал што продолжи во тогаш познатиот бар Трач кафе пред околу десетина години. Сè започна за хип хоп, но со тек на времето стилот на музика се менуваше во многу правци. Во еден период слушав и пуштав транс, па електро и прогресии, а денес сум сè повеќе минималистичен во сетовите. Епитетот и почитта која што ми ја даваат луѓето е само поради напорна работа сите овие години." – вака ја започнува Петров својата приказна. Елетронските звуци и енергичноста на неговата музиката ова лето се ширеа и на еден од најубавите острови, каде журката и убавите плажи привлекуваат луѓе од цел свет. Години наназад Nennat имал можности да го посети островот Ибица, но ова лето супер шансата за присутност и конакт за неговата резиденција на Ибица ја остварил преку неговиот колега Давор кој веќе неколку години е активен таму. „Ибица е центарот на електронската сцена во летниот период. И тврдам како и сите други кои што биле таму дека тоа волшебно место е број 1 за забава .Тоа е прекрасен остров со многу посетеност. Луѓе кои што доаѓаат од цел свет, со секаква култура и обичаи да се журкаат и да уживаат во убавите плажи. А најмногу ќе ги паметам настапите пред светски познатите Luciano, сопственикот на издавачката куќа Каденза Мјузик, Цезар Мервиле, Мирко Локо исто од Каденза, италијанецот Рива Старр, Apollonia. И секако делејќи го истиот DJ BOOTH со Ida Engberg, Tale of US, Maceo Plex и Richie Hawtin." – зборува Ненад за своите сеќавања за Ибица.

Во текот на нашиов разговор, Ненад постојано зборуваше за неговите траки, за неговите настапи, но никако не споменуваше дали му претстојат подготовки околу негов прв албум. На прашањето дали на Омен му претстои нешто такво, се насмеа и надополни дека Омен „штрака" продукција во домашно студио и во скоро време ќе бидат објавени негови траки. „Исто така, тука е издавачката кука која што ја отворивме и е лоцирана на Ибица заедно со Далибор Дадофф, Алек Солтиров и Мартин Макиз. Се вика PLUR REC или кратеница од Peace Love Unity Respect RECORDS. Издавачката куќа е фокусирана на претежно на Balearic стил и опфаќа квалитена продукција од Deep, Soulful, Funk, Afro House."

Од Ибица и неговата продукција, стигнуваме до фестивалските случувања во Штип насловени како „5th dimension" и „GreenFest". Се препозна дека целиот менаџерски тим работеше напорно на реализација на сето тоа. Публиката го препознава квалитетот и затоа овие фестивали секогаш се одлично посетени. „GreenFest" достигна бројка од 3000 регистрирани посетители, бројка што некој сонува да ја има, а тимот на GreenFest со секое издание ја зголемува. Добриот грув и одличните артистите на „GreenFest" заедно со помалиот брат „5th dimension" се најпосетуваните настани во Штип и ниеден љубител на ваквата забава не останува рамнодушен. Фабио Флоридо и Борјана се имињата кои во почетокот на акдемската година сè почесто се споменуваа кај нас. Добро знаеме, Бројана е главната артиска која настапи на 20 септември на петтата димензија, а Фабио Флоридо е колегата на Ненад од Ибица кој го запали Штип на „Гринфестот".

Со тоа овие два фестивали, полека, но сигурно го заземаат местото на најдобри фестивал во источна Македонија , отворени за сите обожаватели на добрата музика и забава.


















Трајче Арсов

# Кој ќе ги земе наградите на Академијата?




Сезоната на филмските награди се ближи, а со тоа и напнатоста околу Оскарите расте. Оскарот е последната филмска награда која се доделува, а воедно и најценетата. Секоја година есенската сезона е онаа најзначајната за премиера на филмовите кои се натпреваруваат за филмскиот трофеј.

Имајќи го тоа на ум уште пролетта ги добивме првите сериозни кандидати за Оскарите. Станува збор за филмот The Grand Budapest Hotel на Вес Андерсон и Foxcatcher на Бенет Милер. Foxcatcher на филмскиот фестивал во Кан доби многу пофалби и режисерот си замина со наградата за најдобра режија, додека пак ѕвездите од филмот Стив Карел, Ченинг Тејтум и Марк Рафало се сериозни кандидати во категориите најдобар актер и најдобар спореден актер. Филмот Boyhood летото ја одржа својата премиера која беше проследена со многу позитивни критики од страна на критичарите и публиката. Филмот на мексиканскиот режисер Алехандро Гонзалес Инариту насловен Birdman со Мајкл Китон во главната улога исто така се смета за еден од фаворите. Според зборовите на критичарите со овој филм поранешниот Batman (Мајкл Китон) глориозно се враќа на големото платно и претставува сериозен кандидат за наградата најдобар актер на Оскарите. Кога сме кај Batman, актерот Бен Афлек оваа година се појави во трилерот Gone Girl режиран од страна на Дејвид Финчер, базиран на истоимениот роман на Џилијан Флин која воедно го напиша и сценариото на филмот. Филмот освен што ги освои и критичарите истото го стори и кај публиката. Главната актерка во филмот Розамунд Пајк со својата улога како Ејми во филмот стана сериозен кандидат за наградата најдобра актерка. Покрај Розамунд Пајк во категоријата најдобра актерка се спомнува и името за Рис Витерспун која после една декада повторно се враќа во фокусот на филмските награди, овој пат со својата улога во филмот Wild. Засега за најголем фаворит во оваа категорија е актерката Џулиен Мур за филмот Still Alice во кој глуми психолог од Универзитетот Колумбија на која ѝ е дијагностицирана болеста Алцхајмер. Мур досега е номинирана четири пати но ниту еднаш не заминала со Оскарот. Останати фаворити се и филмот Selma базиран на маршот од 1965 со кој се бараше право на глас за афро-американците од државата Алабама, понатаму филмовите The Imitation Game, The Theory of Everything и American Sniper.




И покрај тоа што овие филмови се сметаат за фаворите, сепак Оскарите знаат да понудат изненадувања дури во последниот момент. Така што можности за останати филмови да влезат во трката па и да го однесат златото дома сè уште има.



Влијание на социјалните мрежи врз младите

Милена Станишковска



# Фејсбук, твитер, инстаграм, рекреација или зависност ?

Технологијата постојано тече и се менува, а гладта на младите за помодерни технолошки откритија расте. Интернетот е неизбежен дел од 21 век, без разлика дали ќе се работи за училишта, факултети или пак работното место тој е повеќе од потребен. Но, освен за работа и образование интернетот најмногу се користи за рекреација.

Фејсбук манијата сè уште е една од актуелните теми денес. Дали фејсбукот е место за социјализација или десоцијализација? На младите сè почесто им се случува да одбијат прошетка во природа за "кафе муабет" на фејсбук. Самата љубопитна природа на човекот е фактор за зависност од оваа социјална мрежа. Постојаната љубопитност за тоа што се случува некаде, на некого и со некого, нè одвлекува од сопствениот живот и личните проблеми. Многу често социјалните мрежи ни претставуваат лажен сјај за нечиј живот, па затоа и се смета дека тие се фактор плус за зголемување на депресијата помеѓу младите. Онаа што ја создава зависноста и потрагата по нешто ново. Монотонијата многу често знае да настапи во животот, но не и на социјалните мрежи, таму секогаш ќе има нов пост, нови слики, нов лајк. Кога ги гледаме овие новости во нечии животи, сè повеќе се јавува чувство на љубомора и конкуренција, со што премногу се окупираме со вакви проблеми, а во позадина останува вистинскиот живот. Виртуелниот свет нуди многу можности, но не и емоции. Илјада Фејсбук пријатели не можат да заменат еден вистински пријател, но за жал сè поретки се оние кои размислуваат на тој начин. Истражување во кое беа вклучени студенти од Факултетот за бизнис логистика при универзитетот „Гоце Делчев", беше дополнителен доказ за тоа колку младите сè повеќе стануваат зависни од социјалните мрежи. Колку и да е негативен ваквиот тип на комуникација, сепак истиот е речиси невозможно да се искорени. Иако сите сме свесни колку и да е нерелевантно сликањето и објавувањето на нашите оброци, целосен извештај за тоа каде и со кого се наоѓаме и „селфи" фотографиите за секој наш чекор, повторно продолжуваме интензивно да ги извршуваме тие т.н ритуали.

Социјалните мрежи ни го окупираа попладневното кафе, вечерното излегување, семејниот ручек, тие одамна ја преминаа нивната основна намена за комуникација. Границата помеѓу потреба и зависност се поминува многу лесно, сè зависи од тоа колку далеку сме спремни да одиме. Дали социјалните мрежи ќе бидат дел од нашиот живот или пак текот на животот ќе ни зависи од нив е лична одлука на секој од нас.

Последиците на современа технологија

Милена Дичевска

# Интернетот го промени детството

Детството претставува најубав период од животот, кое е испреплетено со другарување, игри и исполнето со прекрасни моменти. Но, денес детството се промени со самиот напредок на технологијата. Полека ги снемува децата од улиците, детскиот џагор и целото таканаречено "традиционално детство". За ова се виновни и самите родители кои на своите деца уште од најрана возраст им купуваат комјпутери, паметни телефони, таблети, со што се изгуби самата комуникација помеѓу децата, која некогаш беше лице во лице, а денеска преку социјалните мрежи. Сè повеќе деца се затворени во своите соби, седнати на своите компјутери, лаптопи, таблети, претворајќи го личното дружење во виртуелно со некои виртуелни пријатели кои воопшто не ги ни познаваат, а и тогаш кога излегуваат тие не разговараат, туку вниманието им е насочено во своите смартфони и се онлајн на социјалните мрежи. Некогашните друштвени игри кои ги играа децата лично, денес ги играат виртуелно без да знаат кој седи од другата страна. Со самото менување на навиките на децата, се менуваат и навиките на младите. Сепак, покрај повеќето недостатоци кои ги има модерната технологија, таа има и свои предности, како што се едноставниот и брзиот трансфер на пари, комуницирањето со своите блиски кои се далеку и секако, брзиот проток на информации.

**За жал она што ни го донесе современата технологија, денес е злоупотребно сè повеќе и повеќе. Родители наместо да ги подучуваат своите деца на навиките и игрите кои ги имале пред да се појави модерната технологија, тие им се придружуваат и потклекнуваат на сето тоа што го носи денешницата, не размислувајќи за последиците кои потоа доаѓаат и го уништуваат сето тоа што постоело некогаш.**





Во Скопје YIN се преобразува во YANG.

Димитар Пешевски



# Ова е само наше Скопје, тука ни е сè, ама...

Град кој според последните официјални пописи има над половина милион жители, а денес можеби и милионски според густината на населеност. Град исполнет со култура и богата историја. Град кој се простира на околу 1800 квадратни километри, град со име Скопје.

Доволно статистика, сега малку реалност. Град во кој амбиција на секој припадник на машкиот пол е да биде дел од некоја криминална група, а додека пак припадничките од женскиот пол да бидат манекенки, иако поголемиот дел од нив имаат недостиг на огледала. Градот Скопје изобилува со кафичи, дискотеки, места за прошетка и ред други работи кои не се толку присутни во другите градови. Бројот на доселеници во Скопје масовно се зголемува, понекогаш се чувствувам како цела Македонија да е тука. Град во кој бескомпромисно се слави културниот медиокритет, град во кој сè што е грдо е прекрасно. YIN се преобразува во YANG. Сепак на овој или оној начин, Скопје ги поседува сите параметри кои се потребни на едно модерното општество. Во градот под милениумскиот крст, живеат две категории на луѓе, односно паразити. Првата категорија се така наречените "градски фаци" кои всушност не се ни од град, за кои журките, сепарињата во дискотеките, алкохолот, користењето на психотропни супстанци и секако да не заборавиме Фејсбук популарноста, се само дел од работите кои оваа категорија на луѓе ги смета за најголемо достигнување. Другата категорија и не е толку лоша споредено со првата. Оваа категорија ја сочинуваат будните сонувачи, односно „гејмерите". Тие се будни, но се толку длабоко во еден не реален свет, што на некој начин наликуваат на зомби. Нивниот единствен порок е тоа што поголемиот дел од својот живот го поминуваат пред компјутер играјќи видео игри, кои благодарение на програмерските компании се појавуваат во масовна бројка.





Градот со големо значење стана градот на маските, не се знае дали другарот ти е другар или можеби странец во неговото тело. Сообраќајот се зголеми поради татините синови кои возат скапи автомобили, кои воедно предизвикуваат голем број на сообраќајни несреќи. Татините девојки, да не ги навредиме „пуфлите", се главната атракција во градот и да не ги заборавиме и „копачите на злато" кои ја зграбуваат секоја следна прилика без никаква можност за пропуштање. Жална е вистината која го обвива нашето Скопје во последно време, а уште повеќе боли фактот што ова е само почетокот.




# ПР – предизвик за инвентивност и иновативност

Фејсбук, Твитер, блоговите и другите социјални медиуми го трансформираа односот помеѓу јавноста и оние кои комуницираат со нив. Процесот односи со јавноста претпочиташе да биде еднодимензионален, но иднината на односите со јавноста сега е конгломерат, првенствено фокусирана на олеснување на тековниот разговор, почитувајќи ги иновациите од првите редови на комуникациската арена. Повеќе не можеме да кажеме дека постојат традиционални медиуми. Со постојаниот проток на вести во самиот циклус добро познат како 365/24/7 достапност на информирање и со широкиот спектар на традиционални и нови медиуми кои им се на располагање на новинарите, ПР професионалците не само што треба да бидат постојано будни, туку и проактивни и прогресивни. Нови термини кои создаваат нови услови и правила се појавија во лексиконот на односите со јавноста, а термините како содржински маркетинг и заработувачки медиуми сѐ почето се користат наместо терминот односи со јавноста. Затоа, ќе се обидеме одблиску ве запознаваме со дел од новата ПР терминологија.

**Раскажувачко или бренд новинарство** - Преовладува во компаниите кои размислуваат за иднината и ја раскажува сторијата која се однесува на експертизата на брендот кој компанијата го застапува. Овој метод е исклучително важен затоа што јавноста или публиката е вклучена и заинтересирана да дознае повеќе за брендот.

**Визуални медиуми и маркетинг** - ПР кампањите не се повеќе оценувани едноставно според големата импресивност, сега мултимедијалното користење е од витално значење. Визуелните медиуми како што се YouTube, Facebook, Vine се значително повеќе релевантни при дефинирањето на успехот, бидејќи ПР професионалците мораат своите клиенти да ги стават во позиција за да им го предизвикаат интересот и да им го привлечат вниманието со она што во моментот е тренд. Покрај тоа, секоја ПР кампања мора да биде поддржана со соодветна продажна и маркетинг стратегија со цел да се постигне посакуваниот ефект.

**Ниче влијание** - Односите со јавноста повеќе не се сконцентрирани само за традиционалните медиуми. Во моментот, тие се изградени врз традиционалните медиуми и вклучуваат: дигитални ПР стратегии со општествен ангажман (социјалните медиуми, блогирање, итн), бренд новинарство, мисловно лидерство, СЕО стратегии, како и содржински стратегии. Во иднината на ПР се гледа зголемување на можностите ПР професионалците да ја упатат пораката на своите клиенти за тоа како ПР ги развива и усовршува самите нив во ерата на социјалните медиуми.

Иднината на ПР е сконцентрирана на создавање споделувачко искуство. Мерењето на медиумската покриеност остана во минатото. ПР професионалците мораат да целат кон вклучување на публиката на нивните клиенти и истата да биде дел од циклусот на вести и информирање. Постојат многу различни мислења за иднината на односите со јавноста, но вистината е дека всушност никој реално и прецизно не може да ја предвиди. Без разлика на иднината на односите со јавноста, таа мора да биде суштински врзана за есенцијалната улога во управувањето со просторот меѓу брендовите и публиката - каде довербата е креирана или уништена, олеснувајќи ја орбитата на комуникациите и партнерствата кои ја штитат и развиваат гравитациската сила на брендот која гради заштитен слој од доверба. Иднината на ПР лежи во ажурирање на нашите вештини за да се справат со менување на надворешната средина одржувајќи ја уникатната вредност која се додава во центарот на сето она што го правиме. Само така ќе доспееме до вистинската цел на односите со јавноста.













# БОКСЕРИТЕ СЕ ОДДОЛЖИЈА НА ЈОРДАН МИЈАЛКОВ



Градот Штип, беше домаќин на првиот меѓународен меморијален турнир во бокс „Јордан Мијалков" во чест на првиот претседател на боксерскиот сојуз на Македонија и човек кој е заслужен за македонските боксерски судии во AIBA (Интернационалната боксерска федерација). Турнирот го организираше БК „Пинк Пантер" од Штип во соработка со Боксерската федерација на Македонија. 15 ноември беше денот кога во Штип допатуваа реномирани боксерски имиња од Македонија, Србија, Словенија, Косово и Албанија. Сите овие натпреварувачи, тренери, спортски работници и љубители на спортот се собраа во спортската сала „Јордан Мијалков" именувана токму по боксерската легенда.

Прв носител на трофејот „Јордан Мијалков" е боксерот на „Пинк Пантер" од Штип, Никола Арсов, кој во финалето го победи Вранеци од Косово. За најдобар техничар беше прогласен Андреј Пешиќ од Југ Боксинг од Лесковац, Србија. За најдобар бокс меч беше прогласена борбата помеѓу Антон Брахими од Косово и Лабан Бекири од Албанија, додека за најдобар странски боксер беше прогласен Словенецот Клемен Туркуш. Вкупно имаше тринаесет борби со натпреварувачи од пет држави, од кои осум беа од Македонија, а петмина од нив забележаа победи, меѓу кои Коцев, Лескаровски, Ристевски, Демиров и Арсов.

Целта на организаторите е овој турнир да се одржува традиционално секоја година и турнирот да влезе во календарот на AIBA. А, штипската публика која што ја имаше во голем број уште еднаш докажа дека спортската култура во градот е на високо ниво и дека штипјани се одлични домаќини.














Разговор со Индира Кастратовиќ, тренер на ЖРК „Вардар“ Наташа Маринковиќ

# „Имаме потенцијал за големи успеси!“

Шампионот на Македонија и освојувач на Купот на Македонија, женскиот ракометен клуб Вардар загуби на гостувањето против Турингер. Девојките дадоа сè од себе во 60 минутната игра, меѓутоа победата им избега за малку. Најпрвин, првиот гол го постигнаа дури во 6 минута за на полувреме да заминат со предност од 10-12. Потоа водеа и со 3 гола предност, но на крајот при резултат од 20-20 промашија пенал и загубија со минимална разлика од 1 гол, односно натпреварот заврши 20-21. Сепак и покрај овој пораз, Вардарки заслужено се морални победнички. Ја искористивме оваа прилика да поразговараме со Индира Кастратовиќ, тренер на ЖРК „Вардар“, за нејзините очекувања од црвено- црните во новата сезона.







**Во која од ракометарките на ЖРК Вардар полагате најмногу надежи?**
Сите мои ракометарки се одлични играчи и не можам да издвојам само една. Сите се веќе докажани и со големо искуство зад себе и сите се подеднакво важни за тимот. Ракометот е колективен спорт и не зависи само од играта на еден играч.
**Кои се вашите цели кога е во прашање клубот?**
Моите цели се да стигнеме што подалеку во Лигата на шампиони. Екипата на Вардар има потенцијал, верувам во ракометарките и со право го посакувам тоа.
**Кои карактеристики треба да ги поседува еден тренер?**
Тренерот треба да има знаење за тоа што го работи. Пред сè треба да е добар човек, добар психолог, да ги познава играчите и да знае од кого што може да очекува. Треба да има способност да го обедини тимот и сите да функционираат како еден.
**Што повеќе ве исполнува, да бидете тренер или ракометарка?**
Тоа се две различни работи. Кога си играч, мислиш како ќе одиграш самиот ти, а кога си тренер мора да мислиш на сите шеснаесет играчи. Така што одговорноста е голема и во едниот и во другиот случај. Но, едно е сигурно, ракометот ме исполнува и многу го сакам.

Спортска лична карта:
Датум на раѓање: 2 октомври 1970 година
Клубска кариера: ЖРК Халас Јожеф, Југоинспект Нови Сад, ЖРК Вождовац, Кометал Ѓорче Петров
Успеси: Седмо место на Светското првенство во Германија 1997 година. Индира беше прогласена за најдобар стрелец со постигнат 71 гол, 12 титули државен шампион со Кометал ЃП, финалисти во Лигата на шампиони 2000 и 2005 година, шампиони во Лигата на шампиони во 2002 година, победници во натпреварот за Шампионскиот трофеј во 2002 година и финалисти во истото натпреварување во 2004 година.

РК Металург – Шампионот на Македонија Габриела Пауновска

# Конечно победа во ЕХФ лигата

Нашиот најтрофеен ракометен клуб и довчерашен шампион на Македонија и претендент за шампион во Лигата на Европа конечно ја израдува македонската публика. Во шестиот натпревар на ЕХФ лигата, Металург ги освои првите победнички бодови во рулет натпреварот со екипата на Натурхаус – Ла Риоха од Шпанија. Натпреварот се одигра на домашен терен во салата Борис Трајковски во Скопје. До почетокот на натпреварот тензијата во клубот беше на високо ниво што се одрази и за време на натпреварот. Меѓутоа навивачите и постојаната публика им дадоа голем поттик на играчите кои пожртвувано и со голема желба го играа натпреварот што во последните секунди даде и победнички резултат. Ракометарот Наумче Мојсовски беше еден од најдобрите на овој натпревар со постигнати 11 гола. Теоретски, има надеж за нашиот шампион да фати приклучок во следната фаза на Лигата на шампионите. Дали оваа важна победа значи враќање на моралот и самодовербата за шампионските цели или само надминување на проблемите помеѓу клубот и раководството? Останува да видиме!






## ПЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ, ПЕТ ГОДИНИ УСПЕХ

# 91.0 MHZ

# УГД ФМ БЕЗУСЛОВНО ГО ПРЕНЕСУВА И ЗАСТАПУВА ГЛАСОТ НА СТУДЕНТИТЕ

Христина Спирова

Во октомври беа одбележани 5 години постоење на универзитетското радио УГД ФМ. Занемарувајќи го фактот дека сè уште претставува релативно млад медиум, универзитетското радио за краток период созреа во медиум кој денес претставува еден од најавтентичните белези на идентитетот на Универзитетот “Гоце Делчев”. Пет години по ред УГД ФМ успешно и континуирано работи на остварување на својата мисија: да се истакне како институција во која студентите препознаваат алтернатива за своја креативна експресија но и можност за навремено информирање. Непрофитниот карактер кој го ослободува универзитетското радио од надворешните притисоци и ограничувања во известувањето, му овозможуваат на истото безусловно да го застапува и пренесува гласот на студентите и Универзитетот во целост. Во однос на содржините кои ги презентира УГД ФМ, главниот и одговорен уредник Игор Стојанов вели - „Концепциски се обидуваме да бидеме различни, да го понудиме она што комерцијалните медиуми не го нудат. Ние во рамките на нашата програма реализираме дебати, радио драми како и музички емисии кои третираат алтернативни музички правци и ќе продолжиме да го правиме тоа со огромна помош на младите студенти кои секојдневно се со нас”.
Основниот мотив на идејата за создавање на универзитетското радио се токму студентите и нивната потреба за изразување на сопствените мислења и ставови. Поѓајќи од ова, УГД ФМ никогаш не ги напушти принципите на своето работење и не потфрли во безрезервната поддршка и поттик на студентите. Оставајќи ги своите врати ширум отворени и создавајќи позитивна атмосфера за соработка, радиото секоја година привлекува нови млади лица кои изразуваат интерес за реализирање на активности во рамките на УГД ФМ, при тоа освежувајќи го со сопствените идеи за воведување на нови содржини. Покрај студентите од новинарство и односи со јавноста кои имаат можност да се запознаат со практичниот дел на својата идна професија преку активностите во радиото и останатите медиуми кои функционираат во рамките на УГД (универзитетска ИП телевизија, универзитетски весник, веб-страницата и студентското списание), можност за изразување имаат и студентите од сите останати факултети. „Им даваме можност на младите да остават белег од своето студирање во етерот, да направат промена, да бидат активни во својата средина”, вели Стојанов.
Позитивното искуство кое студентите го понесуваат со себе по своите ангажмани во УГД ФМ, се уште еден индикатор на професионалноста на оваа институција и нејзината посветеност кон студентите. Импресиите кои студентите ги споделуваат со своите колеги се причина плус за регрутација на сè поголем број на млади луѓе во универзитетското радио во кое, патем, досега имаат земено учество околу стотина студенти. Стоејќи цврсто до своите првични идеја, мотив и цел, УГД ФМ без сомнеж е на самиот почеток на своето издигнување во институција која ќе има клучна улога во градењето историја на Универзитетот „Гоце Делчев“ и која ветува долги години одекнување на студентската мисла.




Универзитет „Гоце Делчев“
Штип
Среќни празници